Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), **Градоначалникот на општина Виница**, на ден 12.11.2013 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Детален урбанистички план за блок 2 дел 2 -град Виница, кој се носи согласно Програмата за уредување на градежно земјиште, улици и патишта во општина Виница за 2012 година не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Виница(www.opstinavinica.gov.mk).
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Детален урбанистички план за блок 2 дел 2 -град Виница нема да има влијание врз животната средина од следните причини: За Деталниот урбанистички план за блок 2 дел 2 -град Виница, како дел од ГУП за блок 2, Општина Виница веке има изработено извештај за стратегиска оцена за ГУП за дел 2 а со тоа истовремено се покрива и просторот на ДУП за блок 2 дел 2. .
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до министерот за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.10-738
с.р
Место Виница

Име и презиме

Градоначалник
Дипл.Екк Емил Дончев